

# СЕЛСКОСТОПАНСКИОТ МОТИВ — ОДРАЗ НА ТРАДИЦИОНАЛНОТО СТОПАНИСУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ, МАЈ 1986

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА — СКОПЈЕ
АРХЕОЛОШКИ, ЕТНОЛОШКИ, ИСТОРИСКИ

# СЕЛСКОСТОПАНСКИОТ МОТИВ — ОДРАЗ НА ТРАДИЦИОНАЛНОТО СТОПАНИСУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ, МАЈ 1986

Издавач: Музеј на Македонија — Скопје

Главен и одговорен уредник:
Д-р Коста Балабанов, директор

Концепција на изложбата, текст и каталошки податоци:
Трпа Рогановиќ, кустос

Технички соработници:
Лилјана Миладинова
Драги Боцевски

На насловната страна:
Томо Владимирски, Орач, 1951

Кога се зборува за традиционалното народно стопанство во Македонија, па дури да е тоа краток и воопштен осврт, пред сè треба да се нагласи дека за неговиот развиток и структура од битно значење биле повеќе фактори. Од нив секако, покрај природно-географските особености како многу значаен фактор, се и историско-политичките и економските услови во кои живеело населението на македонска почва.

Потребно е да се истакне дека за развитокот на традиционалното стопанство во Македонија постојат повеќе податоци. Дека главната основа на стопанисувањето во Македонија отсекогаш биле двете најстари и најраспространети стопански гранки — земјоделството и сточарството, ни зборуваат археолошките наоди од праисторијата до денес. Археолошките податоци укажуваат на тоа ,дека и ловот и риболовот во Македонија, како стопански гранки, кои заедно со занаетите го дополнуваат традиционалното стопанисување, имаат стара и долга традиција, посебно кај населението што живеело покрај реки и езерски населби.

Од друга страна, историските извори укажуваат дека и Старите Словени по нивното доселување на македонска почва се занимавале со земјоделство и сточарство, како и со лов и риболов.

За народното стопанисување во средните векови секако постојат попрецизни податоци, како пишани така и ликовни извори, кои ги среќаваме во средновековното фреско сликарство. Од овие податоци се дознава дека земјата главно била сопственост на феудалците или манастирите, кои со своите развиени економии вршеле определено влијание врз развитокот на целокупното стопанисување. Од земјоделските култури, во средните векови биле одгледувани скоро сите видови житни растенија: 'рж, пченица, јачмен, овес и други, како и некои видови градинарски и овоштарски култури. Од сточарството се одгледувала најмногу ситната стока: овци, кози и свињи, а од крупниот добиток говеда и коњи. Говедата ги чувале и употребувале како запрежен добиток за обработка на земјата, а коњите како превозно средство за превоз на сите видови стока.

Што се однесува до народното стопанство во периодот на турското владеење, податоците велат дека во однос на претходниот период настанале извесни промени. Но земјата и натаму, покрај црквата, била во рацете на: спахии, бегови и други, а селаните како чифлигари им ја обработувале земјата. Имало само мал број слободни села и земја која во повеќе случаи се наоѓала во планинските места. Во овие планински места се развило сточарството како стопанска гранка, а некои од нив станале вистински сточарски села. Меѓу нив сточарите-Мијаци успеале да го издигнат сточарството на превисоко ниво, кое на повеќемина од нив ќе им донесе и углед и богатство.

Во овој период во Македонија биле донесени од Исток нови земјоделски култури: пченката, компирот, оризот, додека тутунот како индустриско растение обезбедувал, а обезбедува и денес, егзистенција за голем дел од населението во Македонија. Поволните климатски услови овозможувале производство и на други индустриски култури. Одгледувањето на памукот има долга традиција. Нему му претходеле ленот и конопот како постари култури, чиешто производство денес е скоро исчезнато. Од маслодајните растенија одгледувањето на афионот и сончогледот, како понови растителни култури, било посебно раширено, така што афионските и сончогледовите полиња можеле да се видат во рамничарските краишта на Македонија, посебно централниот дел. Се одгледувале и сите видови домашни овошки, а некои места како преспанскиот, охридскиот, полошкиот, малешевскиот регион станале вистински овоштарски центри. Во поглед на одгледување на виновата лоза може да се каже дека Македонија е вистински лозарски крај. Производството на вино и ракија било доста рентабилно и овозможувало добри приходи.

Изработката на земјоделски алатки и други селскостопански направи и помагала била најчесто од самите селани. Според изгледот и нивната намена, повеќето од нив (некои типови рала јареми, брани и др.) останале со векови непроменети, а како такви во некои места се употребуваат и денес. Таков е случајот и со некои сточарски направи и некои од алатките за другите стопански гранки — ловот и риболовот.

Риболовот во Македонија, како стопанска гранка, бил од големо значење за егзистенцијата на населението од градовите и селата покрај Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, а до исушувањето на Катлановското Блато, и на населението што живеело околу него. Риболовот се вршел на начин, со средства — алатки, во зависност од видот на рибата и местото на риболовот. Риболовот на езерата во Македонија се вршел најчесто со мрежи, а во употреба биле и други направи. Јагулата на Дрим се ловела на „даљани". Во употреба биле разни видови чамци, „чунови", „кајчиња", а „моноксилот" — кој е еден од најстарите видови, изработен е само од едно дрво.

Видот и начинот на традиционалното стопанисување во Македонија нашле одраз во ликовното творештво, во смисла на тематска определба на ликовниот потенцијал кај нас за интерпретација на на вакви мотиви.

Кога се зборува за селскостопанскиот мотив, како тематска определба, треба да се нагласи дека тој, како етнолошки, всушност е и социјален мотив, бидејќи преку прикажувањето на видот и начинот на традиционалното стопанисување се прикажува и социјалната положба македонскиот селанец-земјоделец, сточар, рибар.

Што се однесува до интересот за прифаќање вакви тематски содржини, може да се каже дека тој евидентно е присутен кај голем број автори во Македонија, почнувајќи од самоуките зографи-сликари од преодниот период на македонското сликарство па сè до денес. Меѓутоа, неговата присутност, покрај личниот афинитет и сликарските преокупации на авторот, била условена и од општата ликовна клима што владеела во дадениот момент.

Периодот меѓу двете светски војни ќе ги даде најдобрите и најбројните ликовни остварувања во оваа област, а нивни протагонисти ќе бидат основоположниците на современата македонска ликовна уметност и некои автори од постарата генерација. Во таа смисла, селскостопанските дејности што во свој период, а и подоцна, ќе ги дадат *Димитар Пандилов-Аврамовски* и *Лазар Личеноски* — (жетвите, вршидбите, гроздоберите и др.) кај првиот, (бачилата, долапите и афионските полиња во повеќе варијанти) кај другиот, ставајќи и двајцата во редот на најдобрите познавачи и најверните толкувачи на селскостопанската средина, од која потекнуваат и самите. Притоа нивните осведочени ликовно-естетски квалитети им обезбедуваа врвно место во македонската ликовна уметност.

Интерпретација на дела со ваков тематско-содржински третман среќаваме и во творештвото на *Томо Владимирски* (орачи, жетвари, рибари и сл.) и богатото ликовно творештво на *Вангел Коџоман*. Неговите највредни остварувања во оваа насока, покрај другото, се претставите на рибари, рибарски мрежи, чунови и далјани, кои, како што вели самиот, настанале како инспирација од риболовот на Охридското Езеро.

Проследувајќи го ликовниот опус на овие еминентни припадници на предвоената генерација, од аспект на афинитет и љубов кон селскостопанскиот мотив, може да се каже дека тој донекаде им е и заедничка определба, при што секој од нив поседува свој стилски индивидуалитет и ликовен ракопис.

Според тоа, селскостопанските мотиви во платната на Пандилов имаат импресионистички приод, а богатата и звучна палета на авторот уште повеќе ја потенцира нивната лиричност.

За разлика од Пандилов, сликарскиот израз на Личеноски го карактеризираат свежа и постуозна палета и широки плоштини, додека силната и еруптивна експресија врз неговите платна зборува за неговиот незадржлив сликарски темперамент.

И селскостопанските мотиви во платната на Владимирски се претежно работени во духот на импресиснизмот, само со нешто посмирено колористичко и тонско моделирање, додека композициите на Вангел Коџоман се карактеризираат со грижливо обработен цртеж и топол колорит.

Ликовни остварувања со ваков тематско-содржински третман дале и некои автори, кои на ликовната сцена во Македонија стапиле веднаш по ослободувањето. Во таа насока, графичките циклуси на *Борко Лазески* „Пештански рибари“ и „Мариово“, работени пред војната, заземаат посебно место.

Риболовот на Охридското Езеро е многу чест мотив кој грижливо го обработува и *Ангеле Ивановски*, додека претставите на жетвари, овчари, берачи на јаболка и други селскостопански дејности во платната на *Катја Ефтимова, Лена Стефанова* и *Здравко Блажиќ* ќе останат нивна подолготрајна тематска преокупација.

Ликовни остварувања во оваа насока среќаваме и во творештвото на *Димче Протугер*. Тоа се претежно цртежи и масла со претстави на вршидби, воденици или гумна, настанати главно во петтата деценија.

Новите стилски ориентации, со кои во ликовниот живот на Македонија ќе настапи првата повоена генерација, ќе услови и нови посовремени тематски тенденции. Сепак, и оваа генерација — *Петар Мазев, Ристо Лозаноски, Борислав Трајковски, Пецо Видимче, Љубодраг Маринковиќ-Пенкин* и други — во извесен момент ќе даде ликовни остварувања и во оваа област, само овојпат изразени со современ ликовен јазик. Нив, во случајов, би ги окарактеризирале можеби само како моментална инспирација на авторите, додека за некоја нивна подолготрајна определба во оваа насока не би можело да се зборува.

Интересот за создавање вака тематско определени творби и денес не е сосем исчезнат, иако тоа во денешни услови е прилично тешка и сложена задача, која, покрај тематско-содржинскиот третман, наметнува и решавање на низа проблеми и од ликовно-естетски и од стилски карактер. Можеби тоа би била и една од причините што селскостопанскиот мотив во денешни услови, особено кај помладите автори, се среќава само како далечна асоцијација

# КАТАЛОГ



Дрмоњ за веење жито — Кумановско
Лопата забеста „карпалог“ — Гевгелиско
Лопата за веење и ринење жито Тетовско

1 Рало со „уши“, за брдско орање — Порече
Инв. бр. 8741
2 Јарем со жегри од дрен — Радовишки Шоплук
Инв. бр. 13349
3 Мотика — Радовишки Шоплук
Инв. бр. 9874
4 Мотика за копање пченка — Битолско
Инв. бр. 16080
5 Мотиче „башчл'к“ — Славишко Поле
Инв. бр. 15431
6 Срп за жнеење жито — Долна Река
Инв. бр. 13830
7 Срп за жнеење жито, сечење пченка, сончоглед и др. — Битолско
Инв. бр. 1082
8 Колче за врзување снопје — Долна Река
Инв. бр. 13792
9 Колче „вител“, за врзување снопје — Прилепско
Инв. бр. 15985
10 Вител за собирање полози на жетва — Горна Преспа
Инв. бр. 14680
11 Кука за вршење на гумно — Беровско
Инв бр. 15889
12 Дрмоњ за веење жито — Кумановско
Инв бр. 4546
13 Лопата забеста „карпалог“ за прво веење на житото — Гевгелиско
Инв. бр. 14592
14 Лопата за веење и риење жито — Тетовско
Инв. бр. 13207
15 Ноже за режење афион — Кочанско
Инв. бр. 15100
16 Ноже за режење афион — Кочанско
Инв. бр. 15103
17 Кутија за собирање катран — Скопско
Инв. бр. 16782
18 Кутија за собирање катран — Скопско
Инв. бр. 16783
19 Крљуг, овчарски стап — Тетовско
Инв. бр. 13210
20 Крлуг — овчарски стап — Мијаци
Инв. бр. 15619
21 Јанџик — овчарска торба — Тетовско
Инв. бр. 12638
22 Старовремски „грип“ — мрежа за ловење риба на езеро — Скопско
Инв. бр. 1006
23 Капак од казан за печење ракија — Кумановско
Инв. бр. 16697



Јарем со жегри — Радовишки Шоплук

## ЛИКОВНИ ДЕЛА

### Димитар Андонов-ПАПРАДИШКИ

1 Зимски пејзаж — Дрварче
масло на платно 49,8 x 58,2

### Димитар Пандилов-АВРАМОВСКИ

2 Жетва во Скопско, 1952
масло на платно, 53 x 64 (Уметничка галерија — Скопје)

3 Вршидба покрај охридското езеро,
масло на платно, 60 x 72 (МСУ — Скопје)

4 Режење на афион, 1959
масло на платно, 62 x 52 (Теди Саржовски — Скопје)

5 Собирање на снопје, 1952
масло на платно, 62 x 52 (Теди Саржовски — — Скопје)

6 Веење на жито, 1952
масло на платно, 55 x 64 (Зое Личеноска)

7 Копачки, 1949
акварел, 50 x 41,5 (Олга Спирковска)

### Лазар ЛИЧЕНОСКИ

8 Афиони, 1955
масло на лесонит, 68 x 95 (МСУ — Скопје)

9 Долап, 1937
масло на платно, 161 x 113 (Зое Личеноска)

10 Бачило, 1959
масло на платно, 73 x 100 (Уметничка галерија — Скопје)

11 Оризови полиња, 1962
масло на платно, 85 x 145 (Зое Личеноска)

12 Тутуни во прилепско, околу 1954
масло на платно, 65 x 96 (Зое Личеноска)

### Вангел КОЦОМАН

13 Пченка, 1946
масло на платно, 47 x 64 (Уметничка галерија Скопје)

14 Сончогледи I, 1962
масло на платно, 60 x 75 (авторот)

15 Чунови III, 1948
масло на хартија, 35 x 50

16 Гумно, 1942
масло на картон, 36,5 x 50 (Семејството Талевски)

17 Риболов на езеро, 1956
масло на платно, 55,5 x 74,5

### Томо ВЛАДИМИРСКИ

18 Орач, 1951
масло на платно, 45 x 59

19 Охридски рибари, пред 1960
масло на платно, 78 x 103

20 Жетвари — селска фамилија,
масло на шперплоча, 58 x 69 (Уметничка галерија — Скопје)

### Борко ЛАЗЕСКИ

*(Од циклусот „Пештански рибари“)*

21 Одење на риболов, 1939
молив на хартија, 27 x 19,5 (авторот)

22 Фрлање на мрежи, 1939
молив на хартија, 27 x 19,5 (авторот)

23 Влечење мрежи, 1939
молив на хартија, 27 x 17,4 (авторот)

24 Два чуна се сретнуваат — вадат риба, 1939
молив на хартија, 25,5 x 18,5 (авторот)

25 Враќање од риболов, 1939
молив на хартија, 31 x 17,4 (авторот)

26 Сушење на мрежите, 1939
молив на хартија, 20 x 31 (авторот)

27 Стариот рибар, 1939
молив на хартија, 30,5 x 20 (авторот)

28 Некогашните бавчи на Прилеп, 1937
масло на платно, 47 x 60 (авторот)

### Ангеле ИВАНОВСКИ

29 Мотив од Охрид — мрежи, 1980
масло на платно, 100 x 134 (РЗК — Скопје)

### Димче ПРОТУГЕР

30 Гумно, 1949
масло на картон, 27 x 37 (Уметничка галерија)

31 Вршидба, 1949
цртеж, лавиран туш, 19,5 x 28 (МСУ — Скопје)

32 Воденица — мелење на жито, 1946
цртеж со туш, 24 x 33 (МСУ — Скопје)

### Здравко БЛАЖИЌ

33 Жетва, 1952
масло на платно, 52 x 70 (Природноматематички факултет — Скопје)

Катја ЕФТИМОВА

34 Жетварки од Преспа, 1980
масло на платно, 33 x 50

35 Овчари од Шар планина, 1954
масло на картон, 52 x 65 (авторот)

36 Бачило на Шар, „Цери пашина“, 1985
масло на платно, 65 x 50 (авторот)

Лена СЕФАНОВА

37 На нива, 1979
масло на картон, 26 x 32 (МСУ — Скопје)

Ристо ЛОЗАНОВСКИ

38 Тутуни, 1964
масло на платно, 130 x 161 (МСУ — Скопје)

Јосиф ТРАЈКОВСКИ

39 Берење на јаболка, 1980
масло на платно, 108 x 74

Јован ПЕТРОВ

40 Печење ракија во Тиквешијата, 1980
масло на платно, 45 x 55

Ѓорѓи ДАНОВСКИ

41 Пладнување, 1976
масло на платно, 38 x 93

Ниче ВАСИЛЕВ

42 Бачило, 1977
масло на платно, 100 x 75 (РЗК — Скопје)

* Делата кај кои не е индицирана сопственоста му припаѓаат на Музеј на Македонија — Скопје.



Вангел Коџоман, Риболов на езеро, 1956



Лазар Личеноски, Долап, 1937

Печат: Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје
Тираж: 500 примероци